**20241472568**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за геолошкиот завод на Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2024 година.

Бр. 08-3486/1
11 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18), во член 7 во ставот (1) по зборот „Македонија“ се става запирка и се додаваат зборовите: „на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во став (3) во точката 4) по зборот „искуство“ се додаваат зборовите: „во областа на геологијата, рударството и минералните суровини“.

Член 2

Во член 8 став 1 во алинејата 4 зборот „годишниот“ се заменува со зборовите: „полугодишен и годишен“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја, која гласи:

„- постапува по сите барања од надлежност на Геолошкиот завод поднесени од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,“.

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Полугодишниот извештај за работата на Геолошкиот завод директорот го доставува до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна до 30 јули во тековната годината, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.